Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**АГРОМЕНАЏМЕНТ**			
2.	Код	ФЗНХ 3			
3.	Студиска програма	Анимално производство			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Прва година; I семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	**Проф. д-р Ана Котевска**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	нема			

10. **Цели на предметната програма (компетенции):**
Студентот треба да ги разбере теоретските основи и концепти на менаџментот, да стекне знаење за функциите на менаџментот и нивната примена во организации кои работат во земјоделско-прехранбениот сектор, од мали семејни фарми до големи организации. Студентот треба да стекне основни концепциски и интерперсонални вештини потребни во менаџментот, како и примена на алатки за анализа на опкружувањето на менаџментот, плнирање, контрола итн.

11. Содржина на предметната програма:
Вовед во менаџмент и агроменаџмент. Фактори и специфичности на земјоделското производство. Ефикасност и ефективност како цел на менаџментот. Историски развој на менаџментот Поим за организација. Вршители на земјоделска дејност и организациски форми во земјоделското производство. Поим за опкружување на менаџментот. Алатки за анализа на опкружувањето. Функции на менаџмент и менаџер. Нивоа на менаџмент, задачи и вештини на менаџерите и одлучување. Поим и значење на планирање. Цели, и видови цели. Определување на мисијата и целите на организацијата План, видови планови и процес на планирање. Поим за стратегија и страгиски менаџмент. Видови стратегии. Бизнис план и бизнис модел како алатки за планирање. Поим за организирање. Елементи и видови на организациската структура. Фактори кои влијаат на изборот на организациска структура. Водење и раководење. Комуникација и координација. Поим и значење на контролирање. Процес на контролирање и видови на контрола.

12. Методи на учење:
Теоретската настава се реализира со класични предавања, поддржани со визуелизации на табла, power point презентација или кратки видеа, методи за интерактивна работа на час, дискусии и изучување на практични случаи. Практичната работа се реализира со групни задачи на час, анализа на студии на случај, изработка на индивидуални и/или групни семинарски задачи, и презентација на проектни задачи.

13.	Вкупен расположлив фонд на време	**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**
14.	Распределба на расположливото време	**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**

15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови
		16.3	Домашно учење	**65**	часови

17. Начин на оценување

17.1	Тестови	**60**	бодови
17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)	**10**	бодови
17.3	Активност и учество	**30**	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	**до 50 бода**	**5**	**(пет) (F)**
		од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест) (E)**
		од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум) (D)**
		од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум) (C)**
		од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет) (B)**

			од 91 бода до 100 бода	**10 (десет) (А)**		
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит		Изработени минимум две домашни задачи			
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**			
22.	Литература					
	22.1	Задолжителна литература				
		Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
		1.	Gareth R. J., J.M. George	Современ менаџмент.	Глобал Комуникации, Скопје	2008
		2.	Грифин Р.В.	Основи на менаџментот.	Генекс, Кочани	2010
	22.2	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Cook, C.W., Hunsaker, P.L	Management and organizational behavior	McGraw-Hill, NewYork	2001
		2.	Olson, K.D.	Farm management	Iowa State Press	2004
		3.	Шуклев Б.	Менаџмент	Економски Факултет, Скопје	1999